Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 51 Өстав 4 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 50-та седница одржана на 30.06.2011 година донесе

# О Д Л У К А

**за утврдување на условите за членка на Берзата да може да добие статус поддржувач на ликвидност**

1. Условите кои членка на Берзата треба да ги исполнува за да може да поднесе барање за добивање статус поддржувач на ликвидност за одредена хартија од вредност се следни:

    - да биде членка на Берзата која активно ги користи правата од членство во Берзата;
    - да има овластување да тргува во свое име и за своја сметка (принципал).

2. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките и архивата на Берзата и за истата да се информира јавноста.

3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува од 15.07.2011 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**